# ОДГОВОРНОСТ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА СПРЕМА ДРУШТВОТО И ОСНОВАЧИТЕ

Мр. Наташа Савовска Димитровска
Судија во Апелационен суд Скопје

03.06.2021.

- Концептот на одговорност на органите на управување во трговските друштва е разработен во законодавството на Македонија

- Законот за облигационите односи - lex generalis, или општа законска рамка
- Законот за трговски друштва и Законот за стечај –
- lex specialis

- Штета - намалување на нечиј имот (обична штета) и спречување на негово зголемување (испуштена корист), како и повреда на личните права (нематеријална штета).

- Каква е одговорноста на правните лица во правниот промет и каква е одговорноста на органите на друштвата?

- Органите во правниот промет настапуваат во име на друштвото па општо правило е дека **правното лице одговара за штета што ќе му ја причини негов орган** на трето лице во вршењето на неговите функции.

- Оваа норма инкорпорирана во Законот за облигациони односи, се надоврзува со правилата за одговорност за штета регулирана со одредбите од Законот за трговски друштва.

- Содружниците и акционерите не одговараат за обврските или за штета на друштвото во кое го имаат овој статус и ова е правен стандард на трговското право прифатен во Македонија.
- Исклучоци

- Одговорност на содружниците и управителот на друштвото како солидарни должници за штетата што е причинета поради невнесување или неправилно внесување на непаричните влогови, поради превисоката процена на нивната вредност или поради какво било и да е друго штетно однесување и дејствие преземено во постапката за основање на друштвото, за кое судот ќе утврди дека се одговорни за причинета штета.

- Во ваква состојба, заштитата на правата на трговското друштво кое претрпело штета се спроведува со тужба против содружниците и барање за постапување на истите според обврските предвидени со договорот и актите на друштвото.

- Разлика помеѓу одговорност на содружниците за обврските на друштвото и одговорност за штета на содружникот спрема друштвото.

- чл.215 од ЗТД, содружниците одговараат неограничено и солидарно за штета настаната од донесување на одлука со која ги повредуваат интересите на друштвото.

- Тужба со која се бара утврдување на **ништовност на одлука донесена на Собир на содружници…**
- Се поднесува во рок од 60 дена од денот на донесувањето на одлуката и се поднесува против друштвото.
- Тужба со која се бара **побивање на одлуки на Собир на содружници** - содружникот кој гласал за конкретната одлука стекнал за себе или на друг му овозможил да стекне корист, на штета на друштвото или на другите содружници.

- Го води работењето на друштвото и се очекува да ги исполнува обврските како совесен и уреден трговец, да ги чува деловните тајни на друштвото.
- Одгворност за штета што ќе му ја предизвика на друштвото со правна работа што ја склучил со друштвото во свое или од туѓо име, а за своја сметка, ако за тоа претходно не добил согласност од органот за надзор, а ако друштвото нема орган на надзор, согласност од другите управители.
- Должен е да ги почитува ограничувањата на дадените овластувања спрема трети лица утврдени во договорот на друштвото.
- Одговорен е за надомест на штета само доколку се докаже дека превзел некое дејствие спротивно на интересите на друштвото со што ја предизвикал конкретната штета.

- Што значи **забраната на конкуренција** за Управителот на друштвото и кога Управителот како одговорно лице, може да биде задолжен со **надомест на штета?**

- Друштвото може од управителот да бара надомест на штетата или да бара на друштвото да му ја отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и да му ја даде користа којашто потекнува од правната работа, склучена за своја или за туѓа сметка.

- Тужба за остварување на барањата. Рок од 90 дена од денот кога дознале за дејствието на Управителот или најдоцна пет години од сторувањето на дејствието**.**

- Освен тужбата за надомест на штетата којашто лично ја претрпеле, содружниците можат, поединечно или групно, да поднесат тужба против управител за надомест на штетата на друштвото.

- Тужбата заради наведената одговорност застарува за три години, сметано од денот на извршеното штетно дејствие, односно од денот на предизвиканата штета или, ако било прикриено, од неговото откривање.

- Ако дејствието е квалификувано како кривично дело, тужбата застарува за десет години.

- Идентичен вид на одговорност на членовите на надзорниот одбор како орган кој го следи спроведувањето на договорот, се грижи за работењето со имотот на друштвото и неговото зачувување, ги контролира управителите и поднесува извештаи до содружниците.

- За именуваните Управители и членовите на Надзорен одбор **се претпоставува дека се совесни и уредни трговци – професионалци** кои ќе носат промислени и законити одлуки во врска со работењето на друштвото, поради што за нивната одговорност за предизвикани штети од повреда на обврските кои ги носи нивната функција, одговараат како солидарни должници согласно критериумот за претпоставена вина, а товарот на докажување дека не се одговорни во судската постапка паѓа на нивна страна.

- **Акционерското друштво** - трговско друштво во кое акционерите учествуваат со влогови во основната главнина, којашто е поделена на акции.

- Акционерите не одговараат за обврските на АД.

- Управувањето со друштвото може да биде организирано според едностепен систем (Одбор на директори) или според двостепен систем (Управен одбор или Управител и Надзорен одбор). За член на орган на управување, односно на надзорен одбор, можат да бидат избрани само физички лица, деловно способни.

- Солидарна одговорност за надомест на предизвиканата штета спрема доверителите и спрема акционерите.

- Член 362 ја нормира одговорноста за штета на членовите на органот на управување.

- Ако членовите на органот на управување не ги отстранат незаконитостите од постапувањата, **акционерите** имаат право од членовите на органот на управување да бараат надомест на штета.

- Ако член на органот на управување грубо ја повреди својата должност да постапува со внимание на уреден и совесен трговец, барање за надомест на штета можат да поднесат и **доверителите** на друштвото ако своите побарувања не можат да ги намират од друштвото.

- Големи зделки (вредност над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена врз основа на финансиските извештаи на друштвото)

- Зделките со заинтересирана страна (зделка во која заинтересирана страна е член на орган на управување, надзорен одбор или управителот, вклучувајќи ги раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе од акциите со правото на глас).

- Посебна постапка за нивно одобрување како и одговорност за надомест на штета на секоја заинтересирана страна кон друштвото, акционерите или кон другите членови на органот на управување, надзорниот одбор или управителот, за штетите што им ги предизвикала.

# СУДСКА ПРАКСА

- РЕВ 1 бр.158/2019 на Врховен суд на РСМ
- РЕВ 2 бр.363/2019 на Врховен суд на РСМ

# ВИ БЛАГОДАРАМ!